Арх. број/ Num. ark.: 46-564/1
Датум/Data: 11-01-2024

ДО
Агенција за заштита на правото за слободен пристап
до информациите од јавен карактер
Бул. Гоце Делчев бр. 18-зградата на МРТВ кат 14, 1000 Скопје

Предмет: Доставување на Годишен извештај за постапувања по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 1.1.2023 до 31.12.2023 година во Генералниот секретаријат на Владата

Почитувани,

Владата на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат на Ваше запознавање Ви доставува, Годишен извештај за постапувања по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, за период од 1.1.2023 до 31.12.2023 година, евидентирани во Генералниот секретаријат. Податоците во извештајот се приложени согласно одредбите на член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.101/2019).

Прилог: Годишен извештај во врска со постапување по Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година на Генералниот секретаријат на Владата.

Искрено,

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/20119), Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со седиште на бул. „Илинден“ бр.2, тел. (02) 3118 022, факс (02) 3116 785, претставуван од м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, односно службеното лице за информации од јавен карактер Даниел Николов го подготви следниот

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

(од 01.01.2023 до 31.12.2023 година)

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации: м-р Драгана Алексовска, контакт тел: 072/304-717, емаил адреса: dragana.spaseva@gs.gov.mk, м-р Даниел Николов, контакт тел: 072/ 211180, e-mail адреса: daniel.nikolov@gs.gov.mk.

2. Број на примени барања:106

забелешки: предмети со иста содржина се сметаат како 1 предмет во вкупниот број

3. Број на позитивно одговорени барања:102

забелешки: Во позитивно одговорените се вметнати и предметите кои се испратени на надлежност од Генералниот секретаријат и одговорени од другите институции/служби/канцеларија на претседател на Влада, а се испратени истовремено и до Генералниот секретаријат на Владата.

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање: 4

4.1. Предмет бр. 46-4723/1 заведен на 12.5.2023 год.

Барател на информацијата: Здружение на граѓани ФРОНТ 21/42

Барана информација: -Дали во Договорот за изградба на Коридорот 8, одобрен од Владата на Република Северна Македонија на 07.03.2023 година, се содржани Препораките од Извештаите на реактивните мониторинг мисии од 2017 и 2020 и советодавната мисија од 2019 во однос на автопатот А2 (Коридор 8)? Доколку да, Ве молиме да ни доставите копии од деловите од Договорот за изградба на Коридор 8 каде се наведени препораките.

-Дали во Договорот за изградба на Коридор 8 е утврдена точната рута на делот од автопатот на Коридор 8 кој поминува низ Светското наследство, конкретно Требеништа – Струга – Ќафасан, согласно препораките од мисиите на УНЕСКО?

-Доколку да, Ве молиме да ни доставите копија од одредбите/делот од Договорот каде е наведена утврдената рута за овој дел од автопатот.

Статус: Генералниот секретаријат констатира дека бараната информација согласно член 6 став 1 алинеја 5 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е информација со ограничена употреба и постои забрана истата да се копира, печати и дистрибуира или на било кој начин неовластено да се користи нејзината содржина без претходна согласност од двете страни потписнички на

Договорот, поради што донел решение за одбивање со бр.46-4723/2 на 1.6.2023 година. Имено, во член 1 точка 12 од Договорот за изградба на автопат на Коридор 8: делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требениште-Струга-Ќафасан и автопат на Коридор 10 Д: делница Прилеп-Битола, број 09-2234/1 од 8 март 2023 година се укажува дека Договорот е со ограничена употреба поради што е забрането да се копира, печати, дистрибуира или на кој било начин неовластено да се користи неговата содржина, без претходна согласност на договорните страни.

4.2. Предмет бр. 46-6985/1 заведен на 14.7.2023 год.
Барател на информацијата: Фисник Џелили новинар во portalb.mk
Барана информација: Информирани сме дека продолжуваат разговорите со заинтересираниот италијански инвеститор „ТехноАлпин" за инвестицијата во Попова Шапка и дека се работи на предлог текстот на договорот како и на предлог законот за оваа стратешка инвестиција. За ова ни требаат следните информации:
1. Кои се членови на преговарачката група?
2. Кој е главен преговарач? Какви обврски има тој/таа?
3. Дали се согласивте за некоја точка, ако да што?
4. Кој го подготвува текстот на предлог законот за оваа стратешка инвстиција? До која фаза е овој закон?
5. Кога се очекува да се потпише договорот?
Статус: Постапувајќи по Барањето за информација од јавен карактер, Генералниот секретаријат со допис број 46-6985/3 од 31.07.2023 година, побара дополнување на бараната информација, согласно член 17 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно кој „Ако барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето." Во член 17 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е уредено дека „Ако барателот не постапи согласно ставот (1) на овој член, имателот на информацијата со решение ќе го отфрли барањето." Генералниот секретаријат донел решение бр.46-6985/4 на 11.8.2023 година, со кое се отфрла барањето.

4.3. Предмет бр. 46-7735/1 заведен на 27.7.2023 год.
Барател на информацијата: Давид Илиевски, Новинар во Истражувачката репортерска лабораторија
Барана информација: Стенографски белешки и записник од владината седница одржана на 27 јуни 2023 година и Стенографски белешки и записник од владината седница одржана на 25 јули 2023 година.
Статус: Генерален секретаријат донел решение бр.46-7735/2 на 15.8.2023 година, со кое се усвојува делот во врска со записниците, кои до денот на донесување на решението не биле усвоени од Владата и дека откако ќе се усвојат, ќе бидат

достапни и објавени на веб страната на Владата на линкот: https://vlada.mk/vladini-sednici. Во делот на стенографски белешки барањето е одбиено, со образложение дека истите се информација со ограничена употреба. Подносителот на решението поднел жалба до второстепениот орган/Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на која е одговорено до Агенцијата со допис бр.46-7735/5 на 23.8.2023 година и е доставено ново решение за дополнување бр.46-7735/2 со кое се барањето се уважува делумно, бидејќи се доставени записниците кои биле усвоени во времето на изработка на новото решение после завршување на нивно лекторирање односно подготвување, а за стенографските белешки се потврдило истото образложение од решението бр.46-7735/2. Жалбата на решението бр.46-7735/2, Агенцијата ја уважила со решение со архивски број 08-313 од 24.08.2023 година и предметот го вратила на повторно постапување. Генералниот секретаријат на Владата донел решение бр.46-7735/7 на 13.9.2023 година и со допис бр.46-7735/8 истовремено ја известил и Агенцијата, дека барањето е уважено со решението 46-7735/4 односно се доставени записниците до подносителот, додека стенографските белешки се материјали за ограничена употреба. По извршениот тест на штетност кој е предвиден со член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 13, став 3 од Упатството за начинот и постапката за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се утврди дека ознаката „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ се доделува на информациите коишто се користат за службени цели укажува на потребна заштита од нивно објавување во јавноста. Стенографските белешки од расправата на седниците на Владата, се материјали со ограничена употреба и согласно одредбите на член 12 од Законот за класифицирани информации: Информациите со чие откривање би се намалила ефикасноста на работењето на органите на државната и локалната власт основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, правни лица основани од Републиката или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, добиваат ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“. Ознаката „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ не претставува степен на класификација, но до ваквите информации не е дозволен слободен пристап, бидејќи овие материјали опфаќаат голем број на документи/информации доставени од министерствата и другите органи на државната управа, меѓу кои и оние опфатени во исклучоците за ограничување на пристап до информации опишани со член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и најразлични податоци кои би можеле да се најдат во материјалите, односно: лични податоци за правни или физички лица, информации чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка; информации стекнати или составени за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката; информации кои ги загрозуваат правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот) и други информации . Според член 6 став (2) и (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер: Информациите утврдени во ставот (1) на овој член,

станувaaт достапни кога ќе престанат причините за нивната недостапност.По исклучок од ставот (1) на овој член имателите на информации ќе одобрат пристап до информација, по задолжително спроведениот тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата. Согласно одредбите на Деловникот за работа на Владата, поточно член 94 став (6), увид во стенографските белешки имаат исклучиво членовите на Владата или директори на друг орган на државната управа кои присуствувале на седниците на Владата и секретарот на секретаријатот за законодавство. Единствено тие можат да побараат увид на овие материјали и во дел од нивните излагања да вршат стилски и јазични исправки, но не и да ја менуваат содржината на излагањата. Ставовите и мислењата, повлекување на материјалот, повлекување на мислење за определен материјал и барање материјалот да се разгледа на редовна седница на Владата се доставуваат преку е-седници на Владата и истите се сметаат за информации за ограничена употреба, согласно член 94-б став (1) од Деловникот за работа на Владата. Имено, со овие наведени одредби на позитивните прописи, јасно се делимитираат ваквите информации од оние до кои што може да биде дозволен слободен пристап.

4.4. Предмет бр. 46-13074/1 заведен на 14.12.2023 год.

Барател на информацијата: Ивана Настеска, Новинар во Истражувачката репортерска лабораторија

Барана информација: Стенографски белешки од 181 седница на Влада, одржана на 29.08.2023 година и издвоеното мислење на точката 145 од дневниот ред на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Славица Грковска.

Статус: Генералниот секретаријат донесе Решение бр.46-13074/2 на 20.12.2023 год., со кое што го одби барањето, согласно законските ограничувања кои произлегуваат од:

-член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „Имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информација во согласност со закон ако информацијата се однесува на:

1) Информација која врз основа на закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на тајност;...“;

-член 12 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019), „Информациите со чие откривање би се намалила ефикасноста на работењето на органите на државната и локалната власт основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, правни лица основани од Републиката или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, добиваат ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“. Ознаката „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ не претставува степен на класификација, но до ваквите информации не е дозволен слободен пристап...“;

-член 94 став 6 од Деловникот за работа на Владата, „Секој член на Владата или директор на друг орган на државната управа кој присуствувал на седницата на Владата и секретарот на Секретаријатот за законодавство може да ги побара на

увид стенографските белешки и во делот од негово излагање да изврши стилски и јазични исправки, при што не може да ја менува содржината на своето излагање...". Токму овој член 94 став 6 од Деловникот за работа на Владата, е ограничувањето кое упатува на тоа кој може да направи увид во стенографските белешки кои произлегуваат од расправата на седниците на Владата. Согласно се наведено, Ве информираме дека издвоеното мислење на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Славица Грковска за точка 145 од 181 - та седница е неделив дел од стенографските белешки и истиот не се третира како посебен документ. Воедно при разгледувањето на Барањето за пристап од информации од јавен карактер, од страна на службеното лице за посредување со информации од јавен карактер и други релевантни службеници извршен е тест на штетност, од каде што произлегува дека пристапот до бараната информација треба да се ограничи согласно позитивните законски прописи според кои е добиена ознаката „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА".

5. Број на неодговорени барања: 0

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација):5

6.1. Предмет бр. 46-1524/1 заведен на 7.2.2023 год.
Барател на информацијата:Центар за граѓански комуникации
Барана информација: Членови на „преговарачкиот тим" и на „комитетот за преговори" за имплементација за проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (а во врска со седницата на Влада 124 и 125 одржани на 3.2.2023).
Статус:Бараната информација, Генералниот секретаријат на Владата ја доставил на надлежност до Министерството за транспорт и врски и првиот заменик на претседателот на Владата, Артан Груби, со допис бр.46-1524/2 од 17.2.2023 и истовремено со допис бр.46-1524/3 го известил и подносителот за постапувањето. Подносителот поднел жалба на наведеното известување до второстепениот орган односно Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите за јавен карактер, која ја уважило жалбата и предметот со решение нивен бр.08-98 на 15.03.2023 год. го вратила на повторно одлучување. Генералниот секретаријат во повторното одлучување донело решение бр.46-1524/5 на 30.3.2023 година и ја доставило информацијата.

6.2. Предмет бр. 46-1853/1 заведен на 15.2.2023 год. /поврзано со решение бр. 46-9961/2 од 22.11.2022 година

Барател на информацијата[redacted]/физичко лице

Барана информација: 1.Детална информација за нарачувањето и набавката на потребните материјали (Цефки Ф560 мм и фасонска галантерија и фитинзи) со поопширни податоци за спецификација на материјалите; 2.Примерок од градежната дозвола издадена од страна на Општина Штип, а добиена на 15.04.2022 година; 3. Примерок од записникот од одржаниот технички состанок на 13.07.2022 година, помеѓу ТАВЦ и Општина Штип на кој се утврдени недостатоци во проектот и во предметот; 4. Примерок од ревидираната студија за проектот испратена на 04.08.2022 година од страна на Општина Штип; 5. Примерок од записникот од одржаниот состанок на 08.08.2022 година помеѓу Општина Штип и ТАВЦ на кој Општина Штип побарала дополнителни ставки за комплементирање на проектот;6. Примерок од ревизијата испратена од страна на Општина Штип на 15.08.2022 година; 7.Примерок од известувањето за обемот на работите испратен од страна на ТАВЦ на 24.08.2022 година, за одобрување до Општина Штип; 8. Примерок од издаденото одобрување за обемот на работите издаден од страна на Општина Штип на 29.09.2022 година; 9. Примерок од договорот склучен помеѓу ТАВЦ и фирмата подизведувач на 30.09.2022 година.

Статус: Бараната информација, Генералниот секретаријат на Владата ја доставил на надлежност до Општина Штип, со допис бр.46-1853/2 на 21.2.2023 и истовремено го известил подносителот за постапувањето. Подносителот поднел жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, која ја уважила, со решение бр.08-79 на 27.02.2023 година. Генералниот секретаријат претходно доставил одговор и до подносителот бр.46-1853/3 и до Агенцијата (бр.46-1854/4) на 21.2.2023 година, со образложение дека е испратено барањето на надлежност до Општина Штип, додека за точка 9, со која се бара примерок од договор за подизведувач со ТАВЦ склучен на 30.9.2022 година, е назначено дека договорот е склучен меѓу приватни компании и не подлежи на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Притоа Генералниот секретаријат постапувал по барањето во 2022 година, со содржина која се однесува на проект за водоводна линија 2, предвиден за финансирање од средства од ТАВ, аплициран од Општина Штип, односно доставил решение бр.46-9961/2, со кое се доставени податоци со кои располагал, односно следните:

- На 06.04.2022 година, Општина Штип ги испратила документите за проектот;
- На 15.04.2022 година, Тав Констракшн ја добил градежната дозвола издадена од Општина Штип;
- На 10.05.2022 година, ТАВЦ се обратил до Општина Штип со барање за доставување дополнителна документација за железничките премини;
- На 13.07.2022 година, бил одржан технички состанок межу ТАВЦ и Општина Штип, на кој се утврдиле недостатоци во проектот и во предметот, а за кои од Општина Штип било побарано надминување на потенцираните слабости;
- На 04.08.2022 година, Општина Штип ја пратило ревидираната студија за проектот (предмер);

- На 08.08.2022 година, бил одржан дополнителен состанок меѓу ТАВЦ и Општина Штип, на кој од општината биле побарани дополнителни ставки за комплементирање на предметот;
- На 15.08.2022 год., Општина Штип пратила уште една ревизија;
- На 24.08.2022 год., ТАВЦ пратил известување за обемот на работите за одобрување од страната на Општина Штип;
- На 29.09.2022 година, Општина Штип издала одобрување за обемот на работи;
- На 30.09.2022 год., бил склучен Договорот помешу ТАВЦ и подизведувачот, а веднаш по потпишувањето биле нарачани потребните материјали за работа на градилиштето; (цевки Ф560 мм и фасонска галантерија и фитинзи). Овие материјали не се произведуваат во Р.С.Македонија. Имајќи ја предвид глобалната состојба и проблемите во ланецот на снабдување, како и тековната состојба на пазарот, испораката за овој тип на материјал од страна на производителот се проценил дека ќе трае од 16 до 20 недели;
- На 10.10.2022 год., Надзорот МГ Проект започнал со работа;
- Активностите на терен се уште стојат до пристигнување на потребните нарачани материјали;
- Активностите на теренот во претстојниот период ќе зависат и од временските услови.

6.3. Предмет бр. 46-4973/1 заведен на 19.5.2023 год.
Барател на информацијата:ТРД Алфа ТВ ДООЕЛ
Барана информација: Копија од одлуката за предлог на Зуљхајрат Демири до управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија транспорт АД Скопје за назначување за директор.Копија од доставената професионална биографија на Зуљхајрат Демири.Степен на завршено образование во моментот на назначување за директор.Копија од дописот за предлог на Владата до управниот одбор за назначување на директорот Зуљхајрат Демири.
Статус: Бараната информација е доставена со решение бр.46-4973/2 на 7.6.2023, со податоците со кои располагал Генералниот секретаријат. ТВ Алфа поднела жалба, која Агенцијата ја уважила и предметот го вратила на повторно одлучување, со решение нивен бр.08-257 на 3.7.2023 година. Повторно постапувајќи, по решението на Агенцијата, Генералниот секретаријат донел решение бр.46-4973/5 на 14.7.2023 година, со кое барањето се уважува и за истото е известена и Агенцијата со допис бр.46-4973/7 на 14.7.2023 година. Постапувајќи по барањето, констатиравме дека во дел (прашањата 2 и 3) истото не се однесува на работи кои се од надлежност на Генералниот секретаријат на Владата и истиот ги доставил сите податоци и документи со кои располагал. Владата дава препорака за избор на членовите на Управниот одбор, меѓу кои и генералниот директор (Претседател на Управниот одбор) а не ги избира, што е во надлежност на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје. Оттаму, согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, барањето се доставува на надлежност до Железници на Република Северна Македонија транспорт АД Скопје, кое има обврска да ги поседува бараните податоци и

документација, со појаснување за законската постапка при именувањето на членови на органите на управување во наведеното друштво. Во врска со наводите на барателот во жалбата врз основа на кое Агенцијата го донела решението, дека Генералниот секретаријат на Владата на ниту еден начин не ги поткрепува информациите, сметаме дека истите се неосновани од следните причини: По прашањето под точката 1, кое фактички е истородно со прашањето под точката 4, истакнуваме дека Владата нема надлежност за носење на одлука за предлог за назначување на директор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје или да доставува допис за таков предлог. Како правен основ во прилог на наведеното е Одлуката со која се основа Македонски Железници АД-Скопје донесена од Владата со бр.19-2597/3 на 8 мај 2007 година и пред се Статутот на истото каде е пропишан начинот на управување со друштвото. Член 8 од наведената Одлука пропишува дека членовите на Управниот одбор ги избира Надзорниот одбор, што е определено и во член 14 од Статутот на друштвото. Според член 16 од Статутот на друштвото, со одлуката за избор на членови на Управниот одбор, еден член на Управниот одбор се именува за претседател на Управниот одбор, кој согласно членот 25 од Статутот, носи назив генерален директор и е застапник на друштвото во односите со трети лица. Според наведените одредби, Владата единствено може да му препорача на Надзорниот одбор избор на член на Управниот одбор, што во случајот го направила и како доказ, во прилог на Решението со бр.46-4973/2, до барателот бил доставен Извадокот од Нацрт-записникот од продолжението на 134-та седница на Владата, одржана на 9 март 2023 година. Во врска со наводите во прашањето под точка 2, служба на Комисијата за именување на Владата, доставила биографски податоци со кои располага и истите ги доставуваме на запознавање до барателот. Бидејќи Владата како што е наведено и во Одлуката за основање и Статутот на друштвото нема законска надлежност да именува членови на Управниот одбор и директор, туку само дава препораки за избор до Надзорниот одбор, нема ниту законска надлежност за да ги создава или да биде имател на документи и информации, како што се: дипломи, сертификати и други документи за докажување на степенот на образование, што значи истите би можело да ги има наведеното друштво кое ги избира. Имајќи го предвид претходно наведеното, констатирано е дека во дел истото не се однесува на работи кои се од надлежност на Генералниот секретаријат на Владата. Оттаму, согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, Барањето се доставува на надлежност до Железници на Република Северна Македонија транспорт АД Скопје, за прашањата под реден бр.2 и 3.

6.4. Предмет бр. 46-6984/1 заведен на 14.7.2023 год.
Барател на информацијата:Институт за јавна политика „Арбен Џафери“-Скопје

Барана информација: Информации за сите проекти финансирани во рамките на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората 2019-2023, подделени:година на реализација, сумата на проектот, приматели на средствата, места каде што се спроведуваат активностите во државата и странство.

Статус: Врз основа на насоките од Решението бр. 08—260 на 6.7.2023 година, донесено од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, Генералниот секретаријат го разгледал барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), односно во прилог ги доставил информациите со кои располага со појаснување за постапката: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со наведената содржина или жалба од барателот преку Агенцијата, не се доставени до архивата или преку електронската пошта на овластените лица за постапување по барањата за пристап до информации од јавен карактер на Генералниот секретаријат. Како што може да се констатира од содржината на решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр. 08—260, барателот испратил барање до Владата, на е-пошта до Министерот за дијаспора, чии служби не се овластени да постапуваат по ваквите барања.Во врска со конкретните податоци во барањето, Генералниот секретаријат, согласно електронското известување на службите на кабинетот на Министерот за дијаспора, во периодот од именувањето на Џемаил Чупи од 16.01.2022 до неговото разрешување на 23.02.2023 од страна на кабинетот на Министерот за дијаспора немал финансирани проекти. Претходно за реализација на проектите се изработени информации/извештаи, доставени до Владата на усвојување, додека целосната документација која се однесувала на кабинетот на Министерот за дијаспора била преземена од Министерството за надворешни работи. Наведеното се потврдува и согласно извадокот од нацрт-записникот од 21 -та седница на Владата, одржана на 17 ноември 2020 година, според кој Владата го задолжила Генералниот секретаријат, целокупната архива на Кабинетот на министерот без ресор задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми, во рок од 15 дена да ја предаде на Министерството за надворешни работи, додека институциите задолжени за имплементација на мерките на Акцискиот план на Националната стратегија за соработка со дијаспората 2019-2023 година, извештаите за сработеното за 2020 и наредните години, имаат обврска да ги доставуваат до Министерството за надворешни работи. Имајќи го предвид наведеното, согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, барањето се доставува на надлежност до Министерството за надворешни работи, за доставување на документацијата преземена од Министерот за дијаспората, во врска со проектите од Националната стратегија за соработка со дијаспората 2019-2023 година, со која располагаат.По однос на материјалите кои биле разгледани на седниците на Владата, а кои се однесуваат на проектите и искористените средства во врска со стратегијата, ја констатираме следната состојба:Владата на 123-та седница одржана на 25.2.2019 година, ја разгледала Информацијата за реализација на програмските активности

на здруженија, организации и поединци од дијаспората, финансирани од страна на Владата на Република Северна Македонија, на 69-та седница одржана на 16.6.2020 година, ја разгледала Информацијата за реализација на програмските активности на здруженија, организации и поединци од дијаспората, финансирани од страна на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година, додека на 72-та седницата одржана на 23.6.2020 година, ја разгледала Информацијата за текот на реализацијата на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората, 2019-2023 година. Потоа Владата ја разгледала и Информацијата за текот на реализацијата на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората, 2019-2023 година, за периодот од 1 јуни 2020 до 1 август 2021 година, на 125-та седница одржана на 7.12.2021 година. Материјалите од наведените седници, односно информациите ги доставуваме на запознавање до барателот, каде се дадени сите податоци со кои располага Генералниот секретаријат за прашањата во врска со барањето.

6.5. Предмет бр. 46-7735/1 заведен на 27.7.2023 год.
Барател на информацијата:Давид Илиевски, Новинар во Истражувачката репортерска лабораторија
Барана информација: Стенографски белешки и записник од владината седница одржана на 27 јуни 2023 година и Стенографски белешки и записник од владината седница одржана на 25 јули 2023 година.
Статус: Генерален секретаријат донел решение бр.46-7735/2 на 15.8.2023 година, со кое се усвојува делот во врска со записниците, кои до денот на донесување на решението не биле усвоени од Владата и дека откако ќе се усвојат, ќе бидат достапни и објавени на веб страната на Владата на линкот: https://vlada.mk/vladini-sednici. Во делот на стенографски белешки барањето е одбиено, со образложение дека истите се информација со ограничена употреба. Подносителот на решението поднел жалба до второстепениот орган/Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на која е одговорено до Агенцијата со допис бр.46-7735/5 на 23.8.2023 година и е доставено ново решение за дополнување бр.46-7735/2 со кое се барањето се уважува делумно, бидејќи се доставени записниците кои биле усвоени во времето на изработка на новото решение после завршување на нивно лекторирање односно подготвување, а за стенографските белешки се потврдило истото образложение од решението бр.46-7735/2. Жалбата на решението бр.46-7735/2, Агенцијата ја уважила со решение со архивски број 08-313 на 24.8.2023 година и предметот го вратила на повторно постапување. Генералниот секретаријат на Владата донел решение бр.46-7735/7 на 13.9.2023 година и со допис бр.46-7735/8 истовремено ја известил и Агенцијата, дека барањето е уважено со решението 46-7735/4 односно се доставени записниците до подносителот, додека стенографските белешки се материјали за ограничена употреба. По извршениот тест на штетност кој е предвиден со член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 13, став 3 од Упатството за начинот и постапката за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се утврди дека ознаката „ЗА ОГРАНИЧЕНА

УПОТРЕБА“ се доделува на информациите коишто се користат за службени цели укажува на потребна заштита од нивно објавување во јавноста. Стенографските белешки од расправата на седниците на Владата, се материјали со ограничена употреба и согласно одредбите на член 12 од Законот за класифицирани информации: Информациите со чие откривање би се намалила ефикасноста на работењето на органите на државната и локалната власт основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, правни лица основани од Републиката или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, добиваат ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“. Ознаката „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ не претставува степен на класификација, но до ваквите информации не е дозволен слободен пристап, бидејќи овие материјали опфаќаат голем број на документи/информации доставени од министерствата и другите органи на државната управа, меѓу кои и оние опфатени во исклучоците за ограничување на пристап до информации опишани со член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и најразлични податоци кои би можеле да се најдат во материјалите, односно: лични податоци за правни или физички лица, информации чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка; информации стекнати или составени за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката; информации кои ги загрозуваат правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот) и други информации . Според член 6 став (2) и (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер: Информациите утврдени во ставот (1) на овој член, стануваат достапни кога ќе престанат причините за нивната недостапност.По исклучок од ставот (1) на овој член имателите на информации ќе одобрат пристап до информација, по задолжително спроведениот тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата. Согласно одредбите на Деловникот за работа на Владата, поточно член 94 став (6), увид во стенографските белешки имаат исклучиво членовите на Владата или директори на друг орган на државната управа кои присуствувале на седниците на Владата и секретарот на секретаријатот за законодавство. Единствено тие можат да побараат увид на овие материјали и во дел од нивните излагања да вршат стилски и јазични исправки, но не и да ја менуваат содржината на излагањата. Ставовите и мислењата, повлекување на материјалот, повлекување на мислење за определен материјал и барање материјалот да се разгледа на редовна седница на Владата се доставуваат преку е-седници на Владата и истите се сметаат за информации за ограничена употреба, согласно член 94-б став (1) од Деловникот за работа на Владата. Имено, со овие наведени одредби на позитивните прописи, јасно се делимитираат ваквите информации од оние до кои што може да биде дозволен слободен пристап.

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата:5

7.1. Предмет бр. 46-1524/1 заведен на 7.2.2023 год.

Барател на информацијата:Центар за граѓански комуникации

Барана информација: Членови на „преговарачкиот тим" и на „комитетот за преговори" за имплементација за проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (а во врска со седницата на Влада 124 и 125 одржани на 3.2.2023).

Статус:Бараната информација, Генералниот секретаријат на Владата ја доставил на надлежност до Министерството за транспорт и врски и првиот заменик на претседателот на Владата, Артан Груби, со допис бр.46-1524/2 од 17.2.2023 и истовремено со допис бр.46-1524/3 го известил и подносителот за постапувањето. Подносителот поднел жалба на наведеното известување до второстепениот орган односно Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите за јавен карактер, која ја уважило жалбата и предметот со решение нивен бр.08-98 на 15.03.2023 год. го вратила на повторно одлучување. Генералниот секретаријат во повторното одлучување донело решение бр.46-1524/5 на 30.3.2023 година и ја доставило информацијата.

7.2. Предмет бр. 46-1853/1 заведен на 15.2.2023 год. /поврзано со решение бр. 46-9961/2 од 22.11.2022 година

Барател на информацијат[redacted]/физичко лице

Барана информација: 1.Детална информација за нарачувањето и набавката на потребните материјали (Цефки Ф560 мм и фасонска галантерија и фитинзи) со поопширни податоци за спецификација на материјалите; 2.Примерок од градежната дозвола издадена од страна на Општина Штип, а добиена на 15.04.2022 година; 3. Примерок од записникот од одржаниот технички состанок на 13.07.2022 година, помеѓу ТАВЦ и Општина Штип на кој се утврдени недостатоци во проектот и во предметот; 4. Примерок од ревидираната студија за проектот испратена на 04.08.2022 година од страна на Општина Штип; 5. Примерок од записникот од одржаниот состанок на 08.08.2022 година помеѓу Општина Штип и ТАВЦ на кој Општина Штип побарала дополнителни ставки за комплементирање на проектот;6. Примерок од ревизијата испратена од страна на Општина Штип на 15.08.2022 година; 7.Примерок од известувањето за обемот на работите испратен од страна на ТАВЦ на 24.08.2022 година, за одобрување до Општина Штип; 8. Примерок од издаденото одобрување за обемот на работите издаден од страна на Општина Штип на 29.09.2022 година; 9. Примерок од договорот склучен помеѓу ТАВЦ и фирмата подизведувач на 30.09.2022 година.

Статус: Бараната информација, Генералниот секретаријат на Владата ја доставил на надлежност до Општина Штип, со допис бр.46-1853/2 на 21.2.2023 и истовремено го известил подносителот за постапувањето. Подносителот поднел жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, која ја уважила, со решение бр.08-79 на 27.02.2023 година. Генералниот секретаријат претходно доставил одговор и до подносителот бр.46-1853/3 и до Агенцијата (бр.46-1854/4) на 21.2.2023 година, со образложение дека е испратено барањето на надлежност до Општина Штип, додека за точка 9, со која се бара

примерок од договор за подизведувач со ТАВЦ склучен на 30.9.2022 година, е назначено дека договорот е склучен меѓу приватни компании и не подлежи на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Притоа Генералниот секретаријат постапувал по барањето во 2022 година, со содржина која се однесува на проект за водоводна линија 2, предвиден за финансирање од средства од ТАВ, аплициран од Општина Штип, односно доставил решение бр.46-9961/2, со кое се доставени податоци со кои располагал, односно следните:

- На 06.04.2022 година, Општина Штип ги испратила документите за проектот;
- На 15.04.2022 година, Тав Констракшн ја добил градежната дозвола издадена од Општина Штип;
- На 10.05.2022 година, ТАВЦ се обратил до Општина Штип со барање за доставување дополнителна документација за железничките премини;
- На 13.07.2022 година, бил одржан технички состанок межу ТАВЦ и Општина Штип, на кој се утврдиле недостатоци во проектот и во предметот, а за кои од Општина Штип било побарано надминување на потенцираните слабости;
- На 04.08.2022 година, Општина Штип ја пратило ревидираната студија за проектот (предмер);
- На 08.08.2022 година, бил одржан дополнителен состанок меѓу ТАВЦ и Општина Штип, на кој од општината биле побарани дополнителни ставки за комплементирање на предметот;
- На 15.08.2022 год., Општина Штип пратила уште една ревизија;
- На 24.08.2022 год., ТАВЦ пратил известување за обемот на работите за одобрување од страната на Општина Штип;
- На 29.09.2022 година, Општина Штип издала одобрување за обемот на работи;
- На 30.09.2022 год., бил склучен Договорот помешу ТАВЦ и подизведувачот, а веднаш по потпишувањето биле нарачани потребните материјали за работа на градилиштето; (цевки Ф560 мм и фасонска галантерија и фитинзи). Овие материјали не се произведуваат во Р.С.Македонија. Имајќи ја предвид глобалната состојба и проблемите во ланецот на снабдување, како и тековната состојба на пазарот, испораката за овој тип на материјал од страна на производителот се проценил дека ќе трае од 16 до 20 недели;
- На 10.10.2022 год., Надзорот МГ Проект започнал со работа;
- Активностите на терен се уште стојат до пристигнување на потребните нарачани материјали;
- Активностите на теренот во претстојниот период ќе зависат и од временските услови.

7.3. Предмет бр. 46-4973/1 заведен на 19.5.2023 год.
Барател на информацијата:ТРД Алфа ТВ ДООЕЛ

Барана информација: Копија од одлуката за предлог на Зуљхајрат Демири до управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија транспорт АД Скопје за назначување за директор.Копија од доставената професионална биографија на Зуљхајрат Демири.Степен на завршено образование во моментот на назначување за директор.Копија од дописот за предлог на Владата до управниот одбор за назначување на директорот Зуљхајрат Демири.

Статус: Бараната информација е доставена со решение бр.46-4973/2 на 7.6.2023, со податоците со кои располагал Генералниот секретаријат. ТВ Алфа поднела жалба, која Агенцијата ја уважила и предметот го вратила на повторно одлучување, со решение нивен бр.08-257 на 3.7.2023 година. Повторно постапувајќи, по решението на Агенцијата, Генералниот секретаријат донел решение бр.46-4973/5 на 14.7.2023 година, со кое барањето се уважува и за истото е известена и Агенцијата со допис бр.46-4973/7 на 14.7.2023 година. Постапувајќи по барањето, констатиравме дека во дел (прашањата 2 и 3) истото не се однесува на работи кои се од надлежност на Генералниот секретаријат на Владата и истиот ги доставил сите податоци и документи со кои располагал. Владата дава препорака за избор на членовите на Управниот одбор, меѓу кои и генералниот директор (Претседател на Управниот одбор) а не ги избира, што е во надлежност на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје. Оттаму, согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, барањето се доставува на надлежност до Железници на Република Северна Македонија транспорт АД Скопје, кое има обврска да ги поседува бараните податоци и документација, со појаснување за законската постапка при именувањето на членови на органите на управување во наведеното друштво. Во врска со наводите на барателот во жалбата врз основа на кое Агенцијата го донела решението, дека Генералниот секретаријат на Владата на ниту еден начин не ги поткрепува информациите, сметаме дека истите се неосновани од следните причини: По прашањето под точката 1, кое фактички е истородно со прашањето под точката 4, истакнуваме дека Владата нема надлежност за носење на одлука за предлог за назначување на директор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје или да доставува допис за таков предлог. Како правен основ во прилог на наведеното е Одлуката со која се основа Македонски Железници АД-Скопје донесена од Владата со бр.19-2597/3 на 8 мај 2007 година и пред се Статутот на истото каде е пропишан начинот на управување со друштвото. Член 8 од наведената Одлука пропишува дека членовите на Управниот одбор ги избира Надзорниот одбор, што е определено и во член 14 од Статутот на друштвото. Според член 16 од Статутот на друштвото, со одлуката за избор на членови на Управниот одбор, еден член на Управниот одбор се именува за претседател на Управниот одбор, кој согласно членот 25 од Статутот, носи назив генерален директор и е застапник на друштвото во односите со трети лица. Според наведените одредби, Владата единствено може да му препорача на Надзорниот одбор избор на член на Управниот одбор, што во случајот го направила и како доказ, во прилог на Решението со бр.46-4973/2, до барателот бил доставен Извадокот од Нацрт-записникот од продолжението на 134-та седница на Владата, одржана на 9 март 2023

година. Во врска со наводите во прашањето под точка 2, служба на Комисијата за именување на Владата, доставила биографски податоци со кои располага и истите ги доставуваме на запознавање до барателот. Бидејќи Владата како што е наведено и во Одлуката за основање и Статутот на друштвото нема законска надлежност да именува членови на Управниот одбор и директор, туку само дава препораки за избор до Надзорниот одбор, нема ниту законска надлежност за да ги создава или да биде имател на документи и информации, како што се: дипломи, сертификати и други документи за докажување на степенот на образование, што значи истите би можело да ги има наведеното друштво кое ги избира. Имајќи го предвид претходно наведеното, констатирано е дека во дел истото не се однесува на работи кои се од надлежност на Генералниот секретаријат на Владата. Оттаму, согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, Барањето се доставува на надлежност до Железници на Република Северна Македонија транспорт АД Скопје, за прашањата под реден бр.2 и 3.

7.4. Предмет бр. 46-6984/1 заведен на 14.7.2023 год.
Барател на информацијата:Институт за јавна политика „Арбен Џафери“-Скопје
Барана информација: Информации за сите проекти финансирани во рамките на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората 2019-2023, подделени:година на реализација, сумата на проектот, примателии на средствата, места каде што се спроведуваат активностите во државата и странство.
Статус: Врз основа на насоките од Решението бр. 08–260 на 6.7.2023 година, донесено од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, Генералниот секретаријат го разгледал барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), односно во прилог ги доставил информациите со кои располага со појаснување за постапката: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со наведената содржина или жалба од барателот преку Агенцијата, не се доставени до архивата или преку електронската пошта на овластените лица за постапување по барањата за пристап до информации од јавен карактер на Генералниот секретаријат. Како што може да се констатира од содржината на решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр. 08–260, барателот испратил барање до Владата, на е-пошта до Министерот за дијаспора, чии служби не се овластени да постапуваат по ваквите барања.Во врска со конкретните податоци во барањето, Генералниот секретаријат, согласно електронското известување на службите на кабинетот на Министерот за дијаспора, во периодот од именувањето на Џемаил Чупи од 16.01.2022 до неговото разрешување на 23.02.2023 од страна на кабинетот на Министерот за дијаспора немал финансирани проекти. Претходно за реализација на проектите се изработени информации/извештаи, доставени до Владата на усвојување, додека целосната документација која се однесувала на кабинетот на Министерот за дијаспора била преземена од Министерството за надворешни работи. Наведеното се потврдува и согласно извадокот од нацрт-

записникот од 21 -та седница на Владата, одржана на 17 ноември 2020 година, според кој Владата го задолжила Генералниот секретаријат, целокупната архива на Кабинетот на министерот без ресор задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми, во рок од 15 дена да ја предаде на Министерството за надворешни работи, додека институциите задолжени за имплементација на мерките на Акцискиот план на Националната стратегија за соработка со дијаспората 2019-2023 година, извештаите за сработеното за 2020 и наредните години, имаат обврска да ги доставуваат до Министерството за надворешни работи. Имајќи го предвид наведеното, согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, барањето се доставува на надлежност до Министерството за надворешни работи, за доставување на документацијата преземена од Министерот за дијаспората, во врска со проектите од Националната стратегија за соработка со дијаспората 2019-2023 година, со која располагаат. По однос на материјалите кои биле разгледани на седниците на Владата, а кои се однесуваат на проектите и искористените средства во врска со стратегијата, ја констатираме следната состојба:Владата на 123-та седница одржана на 25.2.2019 година, ја разгледала Информацијата за реализација на програмските активности на здруженија, организации и поединци од дијаспората, финансирани од страна на Владата на Република Северна Македонија, на 69-та седница одржана на 16.6.2020 година, ја разгледала Информацијата за реализација на програмските активности на здруженија, организации и поединци од дијаспората, финансирани од страна на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година, додека на 72-та седницата одржана на 23.6.2020 година, ја разгледала Информацијата за текот на реализацијата на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората, 2019-2023 година. Потоа Владата ја разгледала и Информацијата за текот на реализацијата на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората, 2019-2023 година, за периодот од 1 јуни 2020 до 1 август 2021 година, на 125-та седница одржана на 7.12.2021 година. Материјалите од наведените седници, односно информациите ги доставуваме на запознавање до барателот, каде се дадени сите податоци со кои располага Генералниот секретаријат за прашањата во врска со барањето.

7.5. Предмет бр. 46-7735/1 заведен на 27.7.2023 год.

Барател на информацијата:Давид Илиевски, Новинар во Истражувачката репортерска лабораторија

Барана информација: Стенографски белешки и записник од владината седница одржана на 27 јуни 2023 година и Стенографски белешки и записник од владината седница одржана на 25 јули 2023 година.

Статус: Генерален секретаријат донел решение бр.46-7735/2 на 15.8.2023 година, со кое се усвојува делот во врска со записниците, кои до денот на донесување на решението не биле усвоени од Владата и дека откако ќе се усвојат, ќе бидат достапни и објавени на веб страната на Владата на линкот: https://vlada.mk/vladini-sednici. Во делот на стенографски белешки барањето е одбиено, со образложение дека истите се информација со ограничена употреба. Подносителот на решението

поднел жалба до второстепениот орган/Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на која е одговорено до Агенцијата со допис бр.46-7735/5 на 23.8.2023 година и е доставено ново решение за дополнување бр.46-7735/2 со кое се барањето се уважува делумно, бидејќи се доставени записниците кои биле усвоени во времето на изработка на новото решение после завршување на нивно лекторирање односно подготвување, а за стенографските белешки се потврдило истото образложение од решението бр.46-7735/2. Жалбата на решението бр.46-7735/2, Агенцијата ја уважила со решение со архивски број 08-313 на 24.8.2023 година и предметот го вратила на повторно постапување. Генералниот секретаријат на Владата донел решение бр.46-7735/7 на 13.9.2023 година и со допис бр.46-7735/8 истовремено ја известил и Агенцијата, дека барањето е уважено со решението 46-7735/4 односно се доставени записниците до подносителот, додека стенографските белешки се материјали за ограничена употреба. По извршениот тест на штетност кој е предвиден со член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 13, став 3 од Упатството за начинот и постапката за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се утврди дека ознаката „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА" се доделува на информациите коишто се користат за службени цели укажува на потребна заштита од нивно објавување во јавноста. Стенографските белешки од расправата на седниците на Владата, се материјали со ограничена употреба и согласно одредбите на член 12 од Законот за класифицирани информации: Информациите со чие откривање би се намалила ефикасноста на работењето на органите на државната и локалната власт основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, правни лица основани од Републиката или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, добиваат ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА". Ознаката „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА" не претставува степен на класификација, но до ваквите информации не е дозволен слободен пристап, бидејќи овие материјали опфаќаат голем број на документи/информации доставени од министерствата и другите органи на државната управа, меѓу кои и оние опфатени во исклучоците за ограничување на пристап до информации опишани со член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и најразлични податоци кои би можеле да се најдат во материјалите, односно: лични податоци за правни или физички лица, информации чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка; информации стекнати или составени за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката; информации кои ги загрозуваат правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот) и други информации . Според член 6 став (2) и (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер: Информациите утврдени во ставот (1) на овој член, стануваат достапни кога ќе престанат причините за нивната недостапност.По исклучок од ставот (1) на овој член имателите на информации ќе одобрат пристап до информација, по задолжително спроведениот тест на штетност со кој ќе се утврди

дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата. Согласно одредбите на Деловникот за работа на Владата, поточно член 94 став (6), увид во стенографските белешки имаат исклучиво членовите на Владата или директори на друг орган на државната управа кои присуствувале на седниците на Владата и секретарот на секретаријатот за законодавство. Единствено тие можат да побараат увид на овие материјали и во дел од нивните излагања да вршат стилски и јазични исправки, но не и да ја менуваат содржината на излагањата. Ставовите и мислењата, повлекување на материјалот, повлекување на мислење за определен материјал и барање материјалот да се разгледа на редовна седница на Владата се доставуваат преку е-седници на Владата и истите се сметаат за информации за ограничена употреба, согласно член 94-б став (1) од Деловникот за работа на Владата. Имено, со овие наведени одредби на позитивните прописи, јасно се делимитираат ваквите информации од оние до кои што може да биде дозволен слободен пристап.

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата: 0

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање:0

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање:0

Предмети кои се завршени во 2023, а евидентирани во 2022 година:2

1.Предмет бр.46-11621/1 од 23.12.2022 год./врски со 46-291/1 од 11.1.2023.
Барател на информацијата:Еколошко здружение на граѓани Фронт 21/42
Барана информација: Копија од Информацијата за состојбите во Охридскиот Регион-точка 50 на 109-та седница на Владата и копија од целокупна документација.
Статус:Донесено е решение бр.46-291/1 на 11.1.2023 со која се уважува барањето.

2.Предмет бр.46-11632/1 на 23.12.2022 год./врски со 46-1136/1 на 27.1.2023 год.
Барател на информацијата:Институт за стратешки истражувања и едукација
Барана информација: Барање за доставување документи и информации за повеќе јавни претпријатија: ЈП за берзанско работење „Агро – Берза“-Скопје; ЈП за државни патишта; ЈП за управување и заштита на повеќе наменско подрачје „Јасен“-Скопје; ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје, ц.о; ЈП за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“-Скопје; ЈП Службен весник на РСМ; ЈП за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на РСМ; ЈП за стопанисување со пасишта-Скопје; ЈП „Стрежево“-Битола; ЈП за железничка инфраструктура Железници на РСМ-Скопје; ЈП за водостопанство „Лисиче“ - Велес; ЈП за извршување на водостопански дејности хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип и ЈП „Национална радиодифузија“- Скопје.

Статус: Генералниот секретаријат донел решение бр.46-1136/1 на 27.1.2023 год. со кое се уважуваат барањето за информациите и се доставил следниот одговор:1. Дали Јавните претпријатија чии основач сте, доставуваат тромесечни извештаи согласно со членот 5 од законот за јавните претпријатија во рокот до 20 дена по истекот на тримесечјето? Ве молиме доставете ни архивски број на примен материјал.Ве молиме за одделен одговор за секое од погоре наведените јавни претпријатија.

Одговор на прашањето број 1: Во прилог на наведеното решение до подносителот е доставена листа со податоци за датум на прикачување, арх.бр. и датум на разгледување на материјалите на седница на Владата, додека ЈП за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на РСМ, нема доставено материјали во владина постапка.

2. Дали на вашата интернет страница се објавени тримесечните извештаи како и годишните сметки и финансиските и извештаи согласно со членот 5 од Законот за јавните претпријатија?

Одговор. на прашањето број 2: Информациите не се објавени на веб страницата на Владата, бидејќи нема информација дека јавните претпријатија биле спречени да постапат според член 5 став 5 од Законот за јавните претпријатија.

3.Дали и колку согласности имате дадено во периодот 2022, 2021 и 2020 година врз основа на на чл.11 од законот за јавните претпријатија по однос на следните акти: актот за употреба на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите; Актот за задолжување на јавното претпријатиа;Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците , доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело. Актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие и Годишната инвестициона програма усогласена со вкупниот стопански развој. Ве молиме доставете ни копија од согласностите. Ве молиме за одделен одговор за секое од погоре наведените јавните претпријатија.

Одговор на прашањето број 3:Во прилог е доставен преглед на обврските за јавните претпријатија, додека ЈП за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на РСМ, нема доставено материјали во владина постапка.

4.Дали имате разрешено членови на управниот одбор на јавното претпријатие во периодот 2022, 2021 и 2020 година и по кој основ се разрешени? Ве молиме доставете ни копија од актот со кој се врши разрешувањето. Ве молиме за одделен одговор за секое од погоре наведените јавните претпријатија.

Одговор за прашањето број 4:Во прилог се доставени копии на акти со кои се вршени разрешувања.

5.Дали во периодот од 2022, 2021 и 2020 година, сте постапиле согласно со членот 17 – ѓ од Законот за јавните претпријатија и сте разрешиле членови на управниот одбор поради недавање на согласност на годишната сметка и на извештајот за работење на јавното претпријатие? Ве молиме за одделен одговор за секое од погоре наведените јавни претпријатија.

Одговор на прашањето број 5: Согласно член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија („Службен весник на

РСМ"бр.89/22), по членот 17 се додаваат шест нови членови 17-а,17-б,17-в,17-г,17-д и 17-ѓ. Согласно член 17-ѓ, основачот може да ги разреши сите членови на управниот одбор на јавното претпријатие пред истекот на мандатот доколку не даде согласност на годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие, согласно член 11 точка 7 од овој закон. Согласно чл.11 од законот, истиот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ", истиот е објавен на 11.4.2022 година и ќе започне да се применува три месеци од денот на неговото влегување во сила и се применува од 18.7.2022. Согласно горенаведените одредби, по стапувањето во примена на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РСМ"бр.89/22), Владата нема донесено решение за разрешување на членови на управните одбори на горе наведените јавни претпријатија по основ кој е цитиран од подносителот.

6.Ве молиме доставете ни линк од објавата на биографиите на членовите на управниот одбор, согласно со членот 17-г од Законот за јавните претпријатија. Ве молиме за одделен одговор за секое од погоре наведените јавните претпријатија.

Одговор на парашањето број 6: По стапување во примена на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РСМ"бр.89/22), Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој формирана од Владата на РСМ до овој момент , нема спроведено постапки за селекција , согласно одредбите од член 17-г од Законот.

7.Дали имате посебни интерни акти и документи за пријавување и процена на судир на интереси согласно со член 18 од Законот за јавните претпријатија?Ве молиме доклоку имате, доставете ни копија? Ве молиме за одделен одговор за секое од погоре наведените јавни претпријатија?

Одговор на прашањето број 7: Генералниот секретаријат не располага со информацијата.

8.Дали и колку случаи на пријава на судир на интереси согласно членот 18 од законот за јавните претпријатија сте имале во периодот 2022,2021 и 2020 година?Ве молиме за одделен одговор за секое од погоре наведените јавни претпријатија.

Одговор на прашањето број 8: Генералниот секретаријат не располага со информацијата.

9.Дали подготвувате годишни планови за процена на ризици од корупција во кои сте вклучиле и соодветни одредби за јавното претпријатие чиј основач сте во периодот 2022,2021 и 2020 година? Доколку имате такви акти ве молиме доставете ни копија. Ве молиме за одделен одговор од погоре наведените јавни претпријатија.

Одговор за прашањето број 9:Подносителот е известен дека според Извадокот од Нацрт-записникот од Педесет и петтата седница на Владата одржана на 28 јуни 2022 е подготвена табела со линкови од ЈП за кој имаме увид за 2022 година, кој извадок е доставен на подносителот.

10.Како ја оценувате соработката со управниот одбор на јавното претпријатие за период 2022,2021 и 2020 година? Ве молиме за одделен одговор за секое од погоре наведените јавни претпријатија.

Одговор на прашањето број 10:Подносителот се информира дека Генералниот секретаријат имал коректна соработка.

11.Како ја оценувате соработката со директорот на јавното претпријатие за периодот 2022,2021 и 2020 година? Ве молиме за одделен одговор за секое од погоре наведените јавни претпријатија.
Одговор на прашањето број 11:Подносителот се информира дека Генералниот секретаријат имал коректна соработка.
12. Дали остварувате редовни средби со директорот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие во период 2022, 2021 и 2020 година? Доколку остварувате средби дали тоа се официјални средби на кои се води записник?Колку се чести средбите?
Одговор на прашањето број 12: Генералниот секретаријат нема законска обврска за одржување на официјални средби, сепак генералниот секретар, по потреба, остварува средби со управувачките структури на јавните претпријатија во рамки на своите законски надлежности.

Предмети кои постапката е продолжена со жалба во 2023, кои се евидентирани во 2022 година :1
Предмет со бр.46-10745/1 на 29.11.2022 а во врска со 46-81/1 од 4.1.2023
Барана информација: дали Владата има донесено одлука или дадено соопштение во јавноста со кое се осудува исвиркувањето на учесничката која почна да одржува говор на македонски јазик на прославата организирана и одржана на ден 14.08.2022 год, по повод склучувањето на Рамковниот договр во Охрид.
Барател на информацијата [redacted] од Кавадарци/физичко лице
Статус:Донесено е решение бр.46-10745/2 на 15.12.2022 година, со кое се информира за следното:Потпаролот на Владата на испратени прашања од медиуми, непосредно по одржување на настанот, дал одговори што ги пренесуваме: Потпишувањето на Охридскиот рамковен договор донесе придобивки за развој на нашето демократско општество и претставува заеднички успех и вредност со што С.Македонија треба да се гордее и да го промовира како модел. Тој веќе цели две децении е основа на меѓуетничка стабилност и меѓусебно почитување. Дополнително како резултат на политиката на оваа Влада, имаме релаксирани меѓуетнички односи како никогаш порано. Секој граѓанин, без оглед на етничката, верската или која било друга припадност, ја чувствува С.Македонија како своја држава која се грижи за правата на сите. Токму затоа, секој обид за поткопување на постигнатото нема никаква поддршка и Владата го смета за изолирана провокација какви што имало и ќе има. Најважно од се е што за разлика од порано, ваквите обиди немаат поддршка од ниту еден претставник на власта. Одговорот е објавен и во новинарски текстови на следните линкови: https://lokalno.mk/vladata-isviruvaneto-na-makedonskiot-jazik-go-smeta-za-izolirana-provokacija, https: //play.mrt.com.mk/play/55322. Дополнително, изјава дал и вицепремиерот Бојан Маричиќ, која е пренесена во медиуми и истата е достапна на линкот:https://press24.mk/marichikj-za-isvirkuvanjeto-na-makedonskiot-jazik-na-zabavata-za-ramkovniot-dogovor-jas-kako. Подносителот поднел жалба до Агенцијата дека не му е доставена информацијата во рок од 15 дена, за што Генералниот секретаријат доставил одговор бр.46-10745/4 на 21.12.2022 година, дека согласно Законот за информации од јавен карактер, рок за доставување на

информации е најдоцна 20 дена од приемот и дека е доставена информацијата во законски рок. Агенцијата донела решение бр.08-323 на 27.11.2022 година и наложила да се достави информацијата. Подносителот поднел повторно жалба со образложение дека е одговорено неразбирливо на неговото барање со решението бр.46-10745/2 на Генералниот секретаријат. До Агенцијата, од Генералниот секретаријат е доставен одговор на жалбата со наш допис бр.46-81/3 на 11.01.2023 година. Имено според чл.21 став 2 од предметниот закон, имателот на информацијата ја дава бараната информација во бараната форма, освен ако веќе постои во однапред пропишана форма и достапна за јавноста, со што е и постапено од Генералниот секретаријат со самото решение. Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер ја одбила жалбата и го потврдила решението на Генералниот секретаријат на Владата со бр.46-1045/2 донесено на 15.02.2022 година.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ

______________

(Место и датум)

(Имател на информации-печат)

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

М-р Меторија Димовски

______________

(службено лице – потпис)

______________